***З А П И С Н И К***
***од 9- та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 28.05.2026 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Богдан Стојановски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска, Гоце Јончевски и Илче Ангелевски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Томе Милошовски, Моника Петревска, Марина Поповска. На седницата присутен беше директорот на ЈП Дехи Транс Демир Хисар Александар Чорбевски, вд директорката на СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар Јасмина Дамчевска и книводителката од училиштетето Сузана Мицевска, претставник за основните училишта Мирјана Пејчиновска.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

- Записник од 8-ма седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки
-Записник од Вонредна седница на совет на општина Демир Хисар одржана на 18.05.2026 година
Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки

На седницата се расправаше по следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година
2. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Горјанче Вељановски од с.Кутретино
3. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Пецо Велјановски од с.Кутретино
4. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Добре Велјановски од с.Кутретино
5. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Душан Велјановски од с.Кутретино
6. Извештај за реализација на програмата за извршено чистење на снег на општинските патишта и улици во Демир Хисар за сезона 2025/2026 година
7. План за работа на Комисијата за еднакви можности при Совет на Општина Демир Хисар за 2026 година
8. Финансиски извештај за работењето на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период 01.01.2026 година до 31.03.2026 година
9. Разгледување на барање од МЗ Доленци и МЗ Велмевци
10. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата констатира присуство на сите советници предложениот дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на

дневниот ред со точка 9. Разгледување на барање од МЗ Доленци и МЗ Велмевци. Советниците немаа забелешки по предлогот. Други предлози немаше. Со 11 „за“ беше усвоен денвиот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година***

Кварталниот извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година беше прифатен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски, при тоа нагласи на седеницата на комисијата немаше присутни претставници од институциите кои се дел од локалната самоуправа, сега имаме присутени претставници можи да се поставуваат прашања. Во врска со извештајот објаснување имаше претставничката од општината Марина Поповска. Советникот Гоце Јончевски имаше забелешка кога се носат буџет, финансиски извештаи на седниците треба да се присутни директорите, градоначалникот, само директорот од ЈП Дехи Транс редовно е присутен на седницатите и директотот на домот на културата. Денес требаше да бидат присутни сите директори има неколку прашања за директорката на средното училиште во врска со најавата за стипендирање на ученици кои се запишани во гимназиската паралелка зошто се прави дискриминација со другите паралелки. Исто така побара објаснување потрошени се повеќе средства за 8 ми март 25.065 репрезентација за вработените, 9.100 за цвеќиња и 25.290 угостителски услуги тоа се околу 60.000 за осми март. Со забелешката за присуството на претставници се согласи и советникот Љупчо Најдовски. Советничката Валентина Ѓорѓиовска објасни не е дискриминација во средното училиште стручните паралелки земаат стипендија само гимназиската паралелка не зема затоа се планира стипендирање на оваа паралелка, ова е само најава. Во врска со средствата потрошени за осми март претставничката Марина Поповска објасни за вработените потрошено е 25.065 денари и 9.100 денари за цвеќиња за пензионерките, останатите 25.290 угостителски услуги не се потрошени за прослава на осми март. Советничката Валентина Ѓорѓиовска побара објаснување за судски правни услуги, потоа за програмата Еразмус + проекти за што се потрошени 202.385 договорни услуги. Претставничката Сузана Мицевска објасни за судски правни услугу  потрошени се за адвокат кој беше ангажиран за судски спор за директорката, додека за средствата потрошени за договорни услуги од Еразмус + проектот неможе да даде објаснување  што е испалтено од оваа ставка. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде затоа треба да се присутни директорите ќе можат да дадат одговори на некој прашања, исто така имаше укажување за приходите на сметка 787 ако се соберат сите ставки не е збирот 488.895 можеби е техничка грешка. Претставничката Сузана Мицевска објасни збирот на приходите е од точка 1- пренесено салдо и 2. други вонредни приходи, останатите се подставки можеби редоследниот број треба да биди 2.1 итн, за да биде појасно. Дискусијата беше исцрпена. Со 6 „за“ и 5 „воздржани“ кварталниот извештај беше усвоен.

***ТОЧКА 2. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Горјанче Вељановски од с.Кутретино***

Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Горјанче Вељановски од с.Кутретино беше прифатена од комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС. Во врска со одлуката објаснување имаше претставникот Томе Милошовски. Дискусија немаше. Со 9 „за“ и 2 „воздржани“ одлуката беше донесена.

***ТОЧКА 3. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Пецо Велјановски од с.Кутретино***

Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Пецо Вељановски од с.Кутретино беше прифатена од комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС. Во врска со одлуката објаснување имаше претставникот Томе Милошовски. Дискусија немаше. Со 9 „за“ и 2 „воздржани“ одлуката беше донесена.

***ТОЧКА 4. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Добре Вељановски од с.Кутретино***

Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Добре Вељановски од с.Кутретино беше прифатена од комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС. Во врска со одлуката објаснување имаше претставникот Томе Милошовски. Дискусија немаше. Со 9 „за“ и 2 „воздржани“ одлуката беше донесена.

***ТОЧКА 5. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Душан Вељановски од с.Кутретино***

Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација за Душан Вељановски од с.Кутретино беше прифатена од комисијата за урбанизам, комунални работи и ЗЖС. Во врска со одлуката објаснување имаше претставникот Томе Милошовски. Дискусија немаше. Со 9 „за“ и 2 „воздржани“ одлуката беше донесена.

***ТОЧКА 6. Извештај за реализација на програмата за извршено чистење на снег на општинските патишта и улици во Демир Хисар за сезона 2025/2026 година***

Извештајот за реализација на програмата за извршено чистење на снег на општинските патишта и улици во Демир Хисар за сезона 2025/2026 година беше прифатен од комисијата за јавни и комунални дејности. Во врска со извештајот објаснување имаше претставничката Моника Петревска. Советникот Гоце Јончевски забележа во извештајот евидентирано само едно чистење на снег. Претставничката Моника Петревска објасни немаше снег, само еднаш имаше потреба од чистење. Дискусија повеќе немаше. Со 9 „за“ и 2 „воздржани“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 7. План за работа на Комисијата за еднакви можности при Совет на Општина Демир Хисар за 2026 година***

Планот за работа на Комисијата за еднакви можности при Совет на Општина Демир Хисар за 2026 година беше прифатен од комисијата за еднакви можности на жените и мажите. Дискусија немаше. Со 9 „за“ и 2 „воздржани“ беше донесен планот.

***ТОЧКА 8. Финансиски извештај за работењето на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период 01.01.2026 година до 31.03.2026 година***

Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период 01.01.2026 година до 31.03.2026 година беше прифатен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Никола Дранговски. За извештајот немаше забелешки. Советничката Маја Велеска го информираше советот согласно член 33 став 1 од Деловникот за работа на советот нема да учествува во процесот на одлучување на оваа точка. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 9. Разгледување на барање од МЗ Доленци и МЗ Велмевци***

Претседателот на советот Никола Дранговски ги запозна советниците до советот има поднесено барање од Месната заедница Доленци за поставување на три контејнери во ова населено место, во барањето има наведено да се постават три контејнери, ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар да врши услуга собирање на смет, а фактурите за таа услуга да ги плаќа општината. Во насока на ова барање за иста услуга да се прифати и барање од МЗ Велмевци истакна претседателот на советот. Советниците немаа забелешки. Со 9 „за“ и 2 „воздржани“ беше прифатено барањето.

***ТОЧКА 10. Предлози и прашања***

Претседателот на советот Никола Дранговски ги запозна советниците до советот има поднесено барање од Тони Ивановски од с.Белче
Имено се бара да се излезе во пресрет за одобрување на личен асистент бидејќи семејството има потреба од оваа услуга.
Во врска со барањето советничката Марија Ѓоргиовска објасни семејството добиваше ваква услуга од личен асистент преку Црвен крст Битола, но сега е прекинат договорот од нивна страна. Ваква услуга ова семејство има потреба и уште едно семејство исто и тоа ја добиваше услугата од истиот личен асистент. Потреба има, но Црвен крст од Демир Хисар не е во можност да обезбеди лиценцеран асистен за двете кориснички семејства затоа оваа услуга одеше преку Битола. Бидејќи тие не сакаат да продолжи има револт кон асистентот за некој постапки, треба да се разговара со Министерството за труд и социјална политика оваа услуга семејствата да ја добиваат и понатаму, да се најди решение. Советникот Гоце Јончевски во насока на дискусијата предложи да се најди начин преку Црвен крст на некоја соседна општина пример преку Кичево. Советничката Марија Ѓоргиовска предложи да се бара решени преку министерството советот неможи да помогни, ова е надлежност на министерството. Советникот Љупчо Најдовски додаде ако некој бара права тоа не е поттикнување на бунт. Претседателот на советот Никола Дранговски истакна ќе се разговара со министерството за оваа проблематика.
-барање од Љупчо Најдовски од Демир Хисар за надомест на штета направена од пролетниот мраз врз овоштарник да се формира комисијата за да направи проценка на штетата. Комисија за проценка на штета има. Но претседателот има поднесено оставка треба да се именува претседател. Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде иако не е поврзано сепак да се води дали е подмирен долгот кон општината на предходна седница се расправаше за тоа колку побарувања има општината од закупнини. Советникот Богдан Стојановски предложи да се донеси одлука за сезонско ангажирање на лица за оддржување на јавната чистота. Претседателот на советот Никола Дранговски објасни се објавуваат такви повици, но интересот е многу слаб никој не се пријавува.
На барање на советниците во меѓувреме беше обезбедено присуство на вд директорката на СОУ Крсте П Мисирков Демир Хисар Јасмина Дамчевска.

Советникот Љупчо Најдовски истакна од страна на советниците имаше поставено прашање во врска со најавата за стипендирање на учениците кои ќе се запишат во гимназиска паралелка, дали на тој начин ќе има дискриминација на другите паралелки. Вд директорката Јасмина Дамчевска објасни на оваа тема беше разговарано, другите струки добиваат стипендија само гимназиската паралелка не добива затоа се размислуваше во таа насока. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша за ставка 425 други договорни услуги во програмата Еразмус + проекти потрошени се 202.385 денари за што се потрошени овие средства. Вд директорката Јасмина Дамчевска истакна за ова повеќе треба да се информирани од финансиската служба можи да е грешка од оваа програма се намнески средсвата за наредна седница ќе доставаат извештај. Советникот Богдан Стојановски побара објаснување за случај кој бил во медиумите во врска со фалсификат од менторот. Вд директорката Јасмина Дамчевска објасни за тоа се води постапката неможе да се коментира ќе се знае дали било вистина тоа. Советничката Клара Кузамновска ги замоли советниците да дадат поддршка за дописот доставен до минситерството за труд, социјална политика демографија и млади во врска со разговорот од предходната седница. Дневниот ред беше исрпен Претседателот на Советот Никола Дранговски ја затвори седницата.

Бр. 17-573/2
29.06.2026 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Никола Дранговски с.р.